Национален Младински Совет на Македонија
Këshilli Rinor Nacional i Maqedonisë
Бр.-Nr. 03-55/2
23.12. 20 24 год.-viti
Скопје-Shkup

До: Општина Крива Паланка

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: Национален младински совет на Македонија (НМСМ), ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1 – Скопје, 078350531, info@nms.org.mk
Застапник / полномошник на барателот на информацијата: Мариана Ангелова, ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1 – Скопје, 078322401, mariana.angelova@nms.org.mk

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**I ФИНАНСИРАЊЕ на одредите од Законот за младинско учество и младински политики**

1.1 Дали од ставката 463 (трансфер до НВО) општината има поддржано форми на младинско организирање?

1.2 Дали општината има реализирано финансиски средства за млади за 2024 година? Доколку да, **колку** и за што се реализирани средствата?

1.3 Дали општината има одвоено и реализирано финансиска поддршка за младинскиот центар и за активности на центарот во 2024 година? Доколку да, колку?

1.4 Дали општината има одвоено и реализирано финансиски средства на локалниот младински совет во 2024 година? Доколку да, колку?

1.5 Дали општината има планирано финансиски средства за млади, во буџетот за 2025 година. Доколку да, колку и за што се планирани средствата?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

а) увид
б) препис
в) фотокопија
**г) електронски запис**
д) друго ________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

а) по пошта
б) телефон
в) факс
**г) е-маил – info@nms.org.mk**
д) друго ________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Потпис

**Во Скопје, 23.12.2024 година** ________________________

Национален Младински Совет на Македонија
Скопје Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр 18-198/3
13 01 2025 год
КРИВА ПАЛАНКА

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА** Ф 8.5/1-3

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), а во врска со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019), член 8 од Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 60/20), член 88 став 2 и став 3 од Законот за општата управна постапка („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/15) решавајќи по барање бр.18-198/1, 13.01.2025г, од Национален младински совет на македонија (НМСМ), ул. Вељко Влаховиќ бр. 7/1-1 , 1000 Скопје, Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

Со ова решение се дава **ПОЗИТИВЕН ОДГОВОР,** се уважува барањето бр. 18-198/1, 13.01.2024г. од Национален младински совет на македонија (НМСМ), ул. Вељко Влаховиќ бр. 7/1-1 , 1000 Скопје.

Бараните информации му се доставуваат на барателот како **ПРИЛОГ** бр. 18-198/2, 13.01.2025г. кон ова решение.

***О б р а з л о ж е н и е***

Барателот Национален младински совет на македонија (НМСМ), ул. Вељко Влаховиќ бр. 7/1-1 , 1000 Скопје, достави барање на ден 23.12.2024г. по електронска пошта наш бр. 18-198/1, 13.01.2025г. за пристап до информации од јавен карактер согласно член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019).

Информацијата што се бара со барањето бр. 18-198/1, 13.01.2025г. од страна на барателот е информација од јавен карактер Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019), и Листата на информации од јавен карактер на Општина Крива Паланка.

**Доставувањето на бараните информации се врши со акт бр. 18-198/2, 13.01.2025г.**

Врз основа на горе наведеното а во согласност со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019), се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против решението со кое имателот на информацијата го одбил или отфрлил барањето, барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер согласно член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019).

**Изготвил:**
**Службено лице за посредување со информации од јавен карактер, Лидија Митовска**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
БР. 18- 198/2
13.01.2025 год.
КРИВА ПАЛАНКА

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Ф 8.5/1-4

---

**До Национален младински совет на Македонија (НМСМ),**
**Ул. Вељко Влаховиќ бр.7/1-1,**
**1000 Скопје**

**ПРЕДМЕТ: ДОСТАВУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈА ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**
Врска / Барање наш бр. 18-198/1 13.01.2025г.
Барање ваш бр. 03-55/1,23.12.2024

Почитувани,

Постапувајќи по Вашето Барање наш бр. 18-198/1, 13.01.2025г. согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 101/ 2019), примено на ден 23.12.2024 г. ви ги доставуваме бараните информации од јавен карактер:

- **Информација за точка 1.1 од барањето:**
  Општина Крива Паланка во 2024 година по втор пат го реализираше процесот на формирање на ЛМС. Истиот успешно е формиран и брои **5 члена**. Линк од верификација на мандатите од страна на Совет на Општина крива Паланка https://www.krivapalanka.gov.mk/wp-content/uploads/2024/11/slg14_2024.pdf (стр.33 и 34)
- **Информација за точка 1.2 од барањето:**
  Да имаше повик. **https://www.krivapalanka.gov.mk/novosti/39539**
- **Информација за точка 1.3 од барањето:**
  - Никола Митовски од ЗГ Спектар
  - Михаела Јанковска од ЦМИ Цик - Цак - Крива Паланка;
  - Анастасија Илиевска од Црвен крст на Република Северна Македонија, Општинска организација Крива Паланка;
  - Сара Стојановска од Пингпонграскот клуб Крива Паланка,
  - Нина Стојановска од Служба за спасување и помош СПАСИТЕЛ
  https://www.krivapalanka.gov.mk/sovet-na-mladi

- **Информација за точка 2.1, 2.2, 2.3 и 2.4 од барањето:**
  Општина Крива Паланка нема активна Локална стратегија за млади. Истата беше со важност до 2024 година. **https://www.krivapalanka.gov.mk/wp-content/uploads/2020/02/Strategija_za_mladi_2019-2024.pdf**
- **Информација за точка 3.1 од барањето:**
  Да, формирана е канцеларија за млади на Општина Крива Паланка. Решението во прилог
- **Информација за точка 4.1, 4.2 и 4.3 од барањето:**
  Општина Крива Паланка **нема** формирано младински центар.

- **Информација за точка 5.1 од барањето:**
  Општина Крива Паланка има назначено службеник за млади. Овластувањето е во прилог.
- **Информација за точка 5.2 од барањето:**
  **Даниела Милошевска dmiloshevska@krivapalanka.gov.mk**

Бараната информација Ви ја доставуваме на начин наведен во барањето.

**Изработил**: Службеник за млади во општината
Даниела Милошевска

Место и датум : 13.01.2025г.
Крива Паланка

...........................................................................

**Градоначалник на Општина Крива Паланка**
**Сашко Митовски**